РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1115/3
19-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1115/1 од 11.03.2026 година, во врска со незаконско именување на член на Управен одбор во ЈЗУ ----- – -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-1115/1 од 11.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.03.2026 година, поднесена е пријава во врска со незаконско именување на член на Управен одбор во ЈЗУ ----– -----. Имено, според подносителот согласно Законот за здравствена заштита, како и актите на здравствената установа, за член на Управен одбор бил пропишан услов за соодветно високо образование од областа на економијата, додека за член било избрано лицето -------, којшто имал завршено Факултет за информациски технологии.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*Според член 295 став 1 од Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024, 170/2024 и 31/2026), надзор над законитоста на работата на здравствените установи врши Министерството за здравство.*

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување. Ова од причина што видно од пропишаното во Законот за здравствена заштита, Министерството за здравство е органот кој врши контрола над законитото работење на здравствените установи во државата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З,. Виш соработник
Согласен: м-р И.П,. Раководител на сектор
Одобрил: А.Ч,. Претседател на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата